РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ
QENDRA PËR ZHVILLIMIN E ARSIMIT PROFESIONAL
CENTER FOR THE DEVELOPMENT OF VOCATIONAL EDUCATION

Бр. / Nr. 01-961/1
22-12-2025 год. / viti
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ЗА 2026 ГОДИНА

**Скопје, декември 2025 година**

Врз основа на член 59 став (8) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), Советот за стручно образование и обука на седницата одржана на ден 17.12.2025 година, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за работа на Советот за стручно образование и обука за 2026 година

### Член 1

Со оваа програма се утврдуваат работите и задачите кои Советот за стручно образование и обука ќе ги реализира во текот на 2026 година.

### Член 2

Програмата за работа на Советот во 2026 година содржи:

| Активност | Рок | Цел |
|---|---|---|
| Соработка со релевантните страни | континуирано | Прибирање информации кои би придонеле за развој на стручното образование и обука во Република Северна Македонија и предлози за усогласување на образовните политики и стратешките определби и активности за поврзување на стручното образование и обука со доживотното учење, пазарот на труд и едукацијата за одржлив развој<br>Предлагање на мерки за: обезбедување квалитет во СОО, спречување на предвремено напуштање на учениците од установите за СОО, активности за подобрување на инклузијата во СОО и предлози за стратешки партнерства на установите за СОО со приватниот сектор во државата и надвор од неа. |
| Следење на потребите на пазарот на труд | континуирано | Утврдување на потребата од нови стандарди на занимања и квалификации преку соработка со Агенцијата за вработување и секторските комисии при НРК |

| | | |
|---|---|---|
| Анализирање на постигнувањата на учениците во СОО и установите за СОО | континуирано | Давање на мислење и предлози за подобрување на квалитетот на образовниот процес |
| Учество во реализација на Стратегијата за образование | континуирано | Обезбедување мислења и препораки за правилна имплементација |
| Изработка и реализација на стратешки документи за СОО | согласно потребите | Обезбедување мислења и препораки за нови стратешки насоки |
| Предлог за Конкурсот за упис и стипендирање на ученици во средно образование | Февруари 2026 | Подготовка на предлози врз основа на анализа на податоци од единиците на локалната самоуправа и работодавачите |
| Давање на мислења за законски решенија и правни акти | согласно потребите | Обезбедување експертски мислења за правни акти поврзани со стручното образование |
| Разгледување на мрежата на установи за средно стручно образование и обука | континуирано | Доставување предлози за оптимизација и развој на мрежата на установи за СОО |
| Учество на релевантни настани | континуирано | Афирмација на средното стручно образование и обука преку соработка со институции и активно учество на трибини, конференции и други настани |
| Медиумска промоција и активности на социјални мрежи | континуирано | Промовирање на вредноста и можностите што ги нуди средното стручно образование и подигање на свеста за важноста на стручното образование кај пошироката јавност |

**Член 3**

Спроведувањето на активностите од Годишната програма за работа на Советот во 2026 година значително ќе зависи од повеќе надворешни фактори со оглед на тоа што голем дел од планираните активности се поврзани со донесување на програмски документи, одлуки и решенија од страна на Центарот за развој на стручното образование.

**Член 4**

Оваа Програма влегува на сила со денот на донесувањето.

**Претседател на Советот:**
**Јелена Спасова**

Република Северна Македонија ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ QENDRA PËR ZHVILLIMIN E ARSIMIT PROFESIONAL PROFESSIONAL CENTER FOR THE DEVELOPMENT OF VOCATIONAL EDUCATION